Врз основа на член 16, став 9, алинеја 8 и член 18, став 1 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/2013 и 30/2016) и член 34 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година, Интеруниверзитетската ректорска управа во Република Северна Македонија објавува

# ЈАВЕН ПОВИК бр. 2/2020

## Член 1

за избор на член од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, во:

- Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации за Секторската комисија за сообраќај, транспорт и складирање

Критериуми за избор:

- завршено високо образование од областа на секторот
- компјутерски вештини (MS Office)
- познавање на англиски јазик (најмалку B1 ниво)
- најмалку 5 години работно искуство во секторот
- познавање на занимањата во секторот
- посебно професионално искуство: учество во разни органи, тела и комисии од областа на трудот, вработувањето и образованието.

Кандидатите поднесуваат:

- пријава за повикот
- кратка биографија (CV)
- изјава за конфликт на интереси.

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на предлог на Интеруниверзитетската ректорска управа.

Јавниот повик трае 5 дена од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје.

**Интеруниверзитетска ректорска управа**
**на Република Северна Македонија**

*Напомена:*
Јавниот повик е објавен на 3.10.2020 година во дневните весници Нова Македонија и КОХА